Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Скопје

# ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

за Набавка на услуга за подготовка испитни прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот за вештаци, за потребите на Министерство за правда

ОГЛАС БРОЈ 13 /2016

*[Скопје, Јуни 2016]*

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр.__________ од
___________ година
Скопје

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

Договорниот орган: Министерство за правда, со адреса на Ул.“Димитрие Чуповски” бр.9, телефон за контакт 3113-190 лок.136, факс 02/3116-002 електронска пошта mminovska@mjustice.gov.mk, лице за контакт кај договорниот орган за тендерска документација е Марина Миновска, има потреба од за Набавка на услуга за подготовка испитни прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на за вештаци, за потребите на Министерство за правда.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка согласно член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на РМ” бр. 136/2007, 130/08, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 24/2012, 15/13, 148/13, 28/14,43/2014, 130/2014, 180/14, 78/2015, 192/2015 и 27/2016), за што објави оглас број 13/2014.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до ________ ***година во 12:00 часот*** (по локално време) по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на Министерството за правда на ул. „Димитрие Чуповски“ бр.9, Скопје.

Тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата, можете да ја подигнете во Министерство за правда ул.„Димитрие Чуповски“ бр.9, Скопје, 4 кат - канцеларија број 15. Молиме при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација .

Отворањето на понудите нема да биде јавно, а ќе го изврши Комисијата за јавни набавки на Министерство за правда, на _________ ***година во 12:00 часот*** (утврдени како краен рок за поднесување на првичните понуди) во просториите на Министерство за правда на ул.„Димитрие Чуповски“ бр.9, Скопје.

Само економските оператори што подигнале тендерска документација имаат право да доставaт понуда за учество во постапката.

Однапред благодариме на соработката.

**Овластено лице**
**Министер за правда**
**m-r. Valdet Xhaferi**

Скопје, Јуни 2016 година

**Инструкции за понудувачите**

1. **Договорен орган**

Договорен орган е Министерство за правда, со адреса на ул. Димитрие Чуповски бр.9 телефон за контакт 3113-190 лок.230 факс 3116-002, контакт лице Марина Миновска, електронска пошта mminovska@mjustice.gov.mk.

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**

2.1. Предмет на договорот за јавна набавка е: Набавка на услуга за подготовка испитни прашања за првиот дел од испитот со наведување на целокупното градиво, прописи и литература од кои се изведени прашањата и на практични примери за вториот дел на испитот за вештаци, за потребите на Министерство за правда.

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

2.2 Предметот на договорот е делив на делови како што е дефинирано во техничките спецификации.

Набавката е деллива на неколку дела по области и тоа:

Дел 1 –Психијатрија

Дел 2 –Ветеринарна медицина

Дел 3 – Безбедност и здравје при работа

Дел 4 – Шумарство

Дел 5 –Информатички технологии

Дел 6 – Заштита на културно наследство и култура

Дел 7 –Материјално, сметководствено и финансиско работење

За секоја област поединечно треба да се изработат по 500 прашања и по 100 практични примери.

Понудувачот може да даде понуда за еден, повеќе или за сите делови од предметот на договорот за јавна набавка. Понудувачот не може да ги дели составните елементи на поединечниот дел.

**Дел 1 –Психијатрија**

За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **Психијатрија**;

**Дел 2 –Ветеринарна медицина**
За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **Ветеринарна медицина**;

**Дел 3. Безбедност и здравје при работа**
За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **Безбедност и здравје при работа**

**Дел 4 Шумарство;**
.За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на Шумарство;

**Дел 5. Информатички технологии**
За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на Информатички технологии;

**Дел 6. Заштита на културно наследство и култура**
За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на Заштита на културно наследство и култура;

**Дел 7. Материјално, сметководствено и финансиско работење**
За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на Материјално, сметководствено и финансиско работење;

**3. Начин на извршување на услугата**
3.1 Носителот на набавката е должен да го изврши предметот на набавката согласно барањето во техничката спецификација која е составен дел на оваа тендерска документација. Кандидатот со кој Министерство за правда ќе склучи договор, изработените прашања и практичните примери ќе треба да ги внесе во електронскиот систем на прашања, по претходно добиен account.
Лицето со кое Министерство за правда ќе склучи договор должно е целокупното градиво, прописи и литература од кои се изведени прашањата да ги достави до Министерство за правда во печатена и електронска форма.

***Напоменуваме, дека прашањата се сметаат за прифатени откако ќе бидат верификувани од страна на Комисијата за верификација формирана согласно член 12 од Закон за изменување и дополнување на Законот за вештачење ("Службен весник на РМ" бр. 12/2014 ). Доколку некое од прашањата не биде прифатено, истото ќе биде вратено на кандидатот на доработка.***

***Услугата која е предмет на набавка, ќе се смета за завршена кога сите прашања изготвени од страна на кандидатот ќе бидат верификувани од страна на Комисијата за верификација формирана согласно член 12 од Закон за изменување и дополнување на Законот за вештачење ("Службен весник на РМ" бр. 12/2014 ).***
***Верификувањето ќе се изврши од страна на Комисијата за верификација по претходно добиен account.***

4. Рок на извршување на услугата

Носителот на набавката треба да го наведе рокот во кој ќе ја изврши услугата и истиот не треба да е пократок од 5 дена ниту подолг од 20 дена, сметано од денот на склучување на договорот.
Рокот е еден од критериумите за доделување на договорот и како таков задолжително се наведува во понудата.

5. Начин на плаќање

Начин на плаќање е: Плаќањето ќе се изврши по извршување на услугата која е предмет на набавка и истата ќе се смета за завршена кога сите прашања и практични примери изготвени од страна на кандидатот ќе бидат верификувани од страна на ***Комисијата за верификација формирана согласно член 12 од Закон за изменување и дополнување на Законот за вештачење ("Службен весник на РМ" бр. 12/2014 )***, како и согласно условите **дефинирани во Закон за вештачење.**
Начинот на извршување на услугата е дефинирана во Точка 3. **Начин на извршување на услугата** од тендерската документација,

6. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

***Напомена: Со оглед дека за реализацијата на предметот на набавката можат да бидат избрани лица кои имаат теоретско како и практично искуство во областа која е предмет на набавката, кандидатите е потребно во апликацијата да ја наведат делот за кој аплицира и истите ќе треба да ги исполнат подолу наведените критериуми за исполнување на способноста.***
***Изборот на кандидатите ќе се изврши по извршената евалуација и бодување на кандидатите, согласно утврдените критериуми и при тоа ќе се изврши избор на најдобро рангираните кандидати, што воедно значи дека немора задолжително да се изврши избор на кандидат од секој дел.***

*6.1. Техничка или професионална способност за професорите:*

Критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност на кандидатот се:
-Да имаат стекнато научен степен доктор на науки
-Да е универзитетски професор, доктор на науки на факултетот од соодветната област за кој е потребно да се изготват прашања
-Да има објавено 4 и повеќе научни трудови

6.2 ***Техничка или професионална способност за лица на кои им е издадена лиценца за вештаци од страна на Министерство за правда:***
Критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност на кандидатот се:
-*Број на извршени вештачења од соодветната област*
*-Да имаат најмалку 10 (десет) години работно искуство во соодветната област на вештачење*

7. Начин на докажување на способноста на понудувачот (кандидатот)

**7.1. За докажување на техничката или професионалната способност за професорите потребни се следните документи:**

- Фотокопија од лична карта
- Доказ за стекнување со научен степен доктор на науки
- Доказ за објавени 4 научни трудови
- Доказ дека е универзитетски професор, доктор на науки

-Потврда за најмалку пет години факултетска настава од соодветната област (М1 и М2 образци)

**7.2. За докажување на техничката или професионалната способност за лица на кои им е издадена лиценца за вештаци од страна на *Министерство за правда потребни се следните документи*:**

- Доказ за завршено високо образование
- Фотокопија од лична карта
- Фотокопија од Лиценца за вештак од соодветната област издадена од Министерство за правда
- Потврда дека не им е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност
- Потврда од надлежен суд за најмалку 10 години работно искуство во соодветната област на вештачење

-Референтна листа за извршените вештачења со наведување за потребите на кој суд истите биле извршени.

## 8. Појаснување, изменување и дополнување на тендерската документација

### 8.1 Појаснување на тендерската документација

8.1.1. Кандидатот може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во писмена форма, најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување понудите.

8.1.2. Појаснувањето договорниот орган ќе го достави до сите кандидати што подигнале тендерска документација, без при тоа, да се идентификува кандидатот што побарал појаснување.

## 8.2 Изменување и дополнување на тендерската документација

8.2.1. Договорниот орган го задржува правото најдоцна 3 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите економски оператори што неа ја подигнале.
8.2.2. Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган ќе го продолжи крајниот рок за доставување на понудата за најмалку 6 дена.
8.2.3. Во случај на измена и дополнување на тендерската документација објавена на ЕСЈН како и продолжување на крајниот рок, договорниот орган е должен да ја објави направената измена преку ЕСЈН, по што сите економски оператори што презеле тендерска документација до моментот на измената ќе добијат автоматско електронско известување дека е објавена измена за конкретниот оглас.

## 9. Изготвување и поднесување на понудите

### 9.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал“. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластено лице од страна на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

### 9.2. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

### 9.3. Изјава за независна понуда

Во прилог на понудата, понудувачот доставува потпишана изјава за независна понуда, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација, каде е подетално објаснето нејзиното

значење како и кои дејствија ќе се преземат доколку договорниот орган добие сознанија дека дадените наводи се невистинити.

**9.4. Елементи на понудата**

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2),
- Изјава за независна понуда (Прилог 3)
- Докази за утврдување на техничката или професионалната способност наведени во точка 6 и 7 од тендерската документација;

**9.5. Јазик на понудата**

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

**9.6. Затворање на понудата**

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.
Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено или оштетени и притоа може да се види нивната содржина поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите, ќе се отфрлат како неуредни.

9.7. **Принцип на една понуда**

Едно право или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**10. Краен рок и место за поднесување на понудите**

10.1. Краен рок за поднесување на понудите **е** ______.2016 ***година во 12:00 часот***.

10.2. Понудите се поднесуваат на следнава адреса: Министерство за правда на Република Македонија ул.Димитрие Чуповски“ бр.9, Скопје, со назнака "За отворена постапка бр.13/2016".

Понудите кои ќе пристигнат по наведениот рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат замени предвид во натамошната евалуација.

## 11. Отворање на пристигнатите понуди

Отварањето на понудите нема да се изврши јавно. Истото ќе се изврши од страна на комисијата за јавни набавки.

## 12. Критериум за доделување на договорот

12.1. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е економски најповолна понуда.* ***За носител на набавката ќе биде избран оној кандидат чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.***
***Изборот на кандидатите ќе се изврши по извршената евалуација и бодување на кандидатите за секој дел одделно, согласно утврдените критериуми и при тоа ќе се изврши избор на најдобро рангираните кандидати, што воедно значи дека немора задолжително да се изврши избор на кандидат од секој дел.***

***Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат Рок за подготвување на прашањата и критериум Квалитет и тоа како следи:***

*1.Рок во кој би ги подготвил прашањата ---------------------------- 40 бода*
*Рокот ќе се бодува на следниов начин:*
*- од 5 до 10дена 40 бода*
*- од 11 до 15 дена 30 бода*
*- од 16 до 20 дена 20 бода*

*2.Квалитет ----------------------------------------------------------------- 60 бода*

*▪ Подкритериуми за квалитет за професори:*
*- да имаат објавени 4 и повеќе трудови --- ---------------------------------40 бода*
*-да има најмалку 5 години работно искуство на факултетска настава од соодветната област ------------------------------------------------------------------ 20бода*

*▪ Подкритериуми за квалитет за лица на кои им е издадена лиценца за вештаци*
*- број на извршени вештачења од соодветната област ----------------- 40 бода*

*-да имаат најмалку 10 (десет) години работно искуство во соодветната област на вештачење ------------------------------------------------------------ 20 бода*

## 13. Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка

13.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка согласно член 17 став1 алинеја 2 од законот за јавни набавки.

## 14. Известување за доделување на договорот за јавна набавка

14.1 Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка со други огласи ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

## 15.Доделување на договорот за јавна набавка

Договорниот орган по извршената евалуација на понудите и бодување согласно критериумите за доделување на договор, договорот му го доделува на кандидатот чија понуда ќе биде оценета како еномоски најповолна, односно ќе освои најголем број на бодови за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

Доколку две или повеќе понуди имаат ист број на вкупни бодови, за најповолна ќе биде избрана онаа понуда која прва постигнала најголем број на бодови и на оној понудувач кој прв ја поднел понудата во архивата на Министерство за правда.

## 16.Известување за доделување на договорот за јавна анабавка

Избраниот кандидат ќе биде известен во писмена форма дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Во исто време, и сите други економски оператори/ кандидати ќе бидат известени за резултатите од тендерот, одлуката кој е најповолен економски оператор/кандидат, како и за причините за неизбор на нивната понуда. Економските оператори/кандидати што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

## 17. Правна заштита

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално

прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

## 18. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

18.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

## *ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА*

Согласно Законот за вештачење (Службен весник на РМ бр.115/10, 12/2014, 43/2014), за потребите на Министерство за правда за Набавка на услуга за подготовка на испитни прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел за вештаци, за потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведете Јавна набавка за избор на стручни и компетентни лица од областа на извршувањето за изработка на:

1. По 500 прашања од секоја област заедно со наведување на целокупното градиво, прописи и литературата од кои се изведени прашањата, од кои секој кандидат е потребно да изготви најмалку по 250 прашања.

2. По 100 практични примери од секоја област (психијатрија, ветеринарна медицина, безбедност и здравје при работа, шумарство, информатички технологии, заштита на културно наследство и култура,, материјалното, сметководствено и финансиско работење), од кои секој кандидат е потребно да изготви најмалку по 50 практични примери.

Точниот број на прашања што треба да ги изготви секој кандидат (а нема да бидат помалку од 250 прашања), ќе се утврди непосредно пред склучување на договорот.

Точниот број на практични примери што треба да ги изготви секој кандидат (а нема да бидат помалку од 50 практични примери), ќе се утврди непосредно пред склучување на договорот.

*Прашањата од Точка 1 и 2 се однесуваат за следните области:*

Дел 1 Психијатрија

За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **психијатрија**;

Дел 2. Ветеринарна медицина

За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **ветеринарна медицина**;

Дел 3. Безбедност и здравје при работа

За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **безбедност и здравје при работа**

**Дел 4. Шумарство ;**
.За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **шумарство**;

**Дел 5. Информатички технологии**
За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **информатички технологии;**

**Дел 6. Заштита на културно наследство и култура**
За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **заштита на културно наследство;**

**Дел 7. Материјално, сметководствено и финансиско работење**
За изготвување на базите на прашања и практични примери за полагање на стручен испит за вештак од областа на **материјално, сметководствено и финансиско работење**;

**Упатството за подготовка на прашања и практични примери се изработуваат согласно чл 18 г . и 18 –д од Законот за вештачење, ова важи за сите делови од предметот на набавката**

Едно прашање треба да е составено од :
- Пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една не е точна во мал обем и една не е точна во голем обем.

Еден (практичен пример) треба да е составено од :
- Прашањата кои се составен дел од практичниот пример од соодветната област имаат десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични и четири се различни.

*Напомена:*
*Кандидатот е потребно во апликацијата да ја наведе областа односно делот за кој аплицира.*

Кандидатот со кој Министерство за правда ќе склучи договор должно е целокупното градиво, прописи и литература кои ги користел при подготовка на прашањата да ги достави до Министерство за правда во печатена и електронска форма.

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на огласот број 13 /2016 објавен од страна на Миниатерство за правда на Република Македонија, за доделување на договор за јавна **Набавка на услуга за подготовка испитни прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на за вештаци**, за потребите на Министерство за правда, ја поднесуваме следнава:

*П О Н У Д А*

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: ______________________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса:______________________________________________________________
- Телефон:____________________________________________________________
- Факс:________________________________________________________________
- Е-пошта: _____________________________________________________________
- Лице за контакт: ______________________________________________________

I.3. Одговорно лице: ____________________________________________________________

I.4. Матичен број: ______________________________________________________________

I.5. Жиро с-ка/ Трансакциска сметка/деловна банка:

Дел II Техничка и финансиска понуда

**II.1.**Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

**Дел за кој се доставува понудата -**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________.

**Рок на извршување на услугата:______________________ дена, од денот на склучување на договорот.**

**Понудувачот задолжително ги пополнува податоците во Дел I и Дел II**

**II.2.**Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдена во тендерската документација.

**III.3.** Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

**III.4.** Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

| Место и датум | Одговорно лице |
| --- | --- |
| ______________________________ | ______________________________ |
| | (Име и презиме, потпис) |

Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата

И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот_________________________ ________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум

Одговорно лице*

_____________________________

_____________________________

(Име, презиме и потпис)

*Прилог 3* – Изјава за  независна понуда

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот ________________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека *понудата во/ понудата за дел 1, 2 3... од* _ [*да се наведе видот на постапката и договорот за јавна набавка и бројот на огласот/поканата*] ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата.
Истовремено, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека при доставувањето на *понудата за постапката бр./ понудата за дел 1, 2 3... од постапката бр.* не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што ќе доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　Одговорно лице[1]

_________________　　　　　　　　　　　　　______________________

[1] Изјавата за независна понуда не може да биде потпишана од ниту едно друго лице освен од одговорното лице